СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ВЕЛЕС

Службен гласник на Општина Велес
Излегува по потреба

Број 8 година XLIII

17 мај 2007

88.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Одлука за изменување и дополнување на Урбанистички план вон населено место за Урбана единица 2 Блок 1 и 2 езеро Младост - Општина Велес

Се објавува Одлуката за изменување и дополнување на Урбанистички план вон населено место за Урбана единица 2 Блок 1 и 2 езеро Младост - Општина Велес, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 16.05.2007 година.

Број 0801-2103/1
17.05.2007 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски,с.р.

Врз основа на член 26, став 5, алинеа 2 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на РМ“ бр.51/05) член 22, став 1, точка1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 45 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на ден 16.05.2007 година, донесе

ОДЛУКА
за измена и дополнување на Урбанистички план вон населено место за Урбана единица 2-Блок 1 и 2 езеро Младост – Општина Велес

Член 1

Со оваа Одлука се врши измена и дополнување на Урбанистички план вон населено место за Урбана единица 2-Блок 1 и 2-езеро Младост-Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес“бр. 6/02).

Измената и дополнувањето на урбанистичкиот план вон населено место е во согласност со Правилникот за стандарди и нормативи за планирање на просторот и Правилник за поблиската содржина, размер и начин на графичка обработка на урбанистичките планови („Службен весник на РМ“ бр.78/06).

Член 2

Просторот за кој се врши измена и дополнувањето на Урбанистичкиот план вон населено место за Урбана единица 2-Блок 1 и 2-езеро Младост-Општина Велес е со површина на урбано подрачје од 16,21 ha.

Член 3

Составен дел на оваа Одлука е:

Текстуален дел и графички дел со параметри за спроведување на измена и дополнување на Урбанистички план вон населено место за Урбана единица 2-Блок 1 и 2-езеро Младост-Општина Велес.

Согласност од Министерството за транспорт и врски-Скопје.

Извештај од јавна презентација и јавна анкета на Нацрт измена и дополнување на Урбанистички план вон населено место за Урбана единица 2-Блок 1 и 2- езеро Младост-Општина Велес.

Член 4

За измена и дополнување на Урбанистички план вон населено место за Урбана единица 2-Блок 1 и 2-езеро Младост-Општина Велес добиена е Согласност број 17-5367 од 11.05.2007 година од Министерството за транспорт и врски – Скопје.

Член 5

Измена и дополнувањето на Урбанистички план вон населено место за Урбана единица 2-Блок 1 и 2-езеро Младост-Општина Велес го потпишува и заверува Претседателот на Советот на Општина Велес во 7 (седум) примероци од кои еден примерок се чува во архивот на Општината, еден кај Секторот за урбанизам, комунални работи, сообраќај и

заштита на животната средина при Општина Велес, еден во Државниот архив на РМ подрачно одделение Велес, еден во Министерството за транспорт и врски, еден во Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам - Скопје, еден во Државниот завод за геодетски работи подрачна единица Велес и еден примерок се изложува во просториите на Општина Велес за достапност на јавноста.

Член 6

Советот на Општина Велес е должен во рок од 30 дена да обезбеди картирање на планот на хамер или астралон. Картираните подлоги се предаваат на Државниот завод за геодетски работи подрачна единица Велес на чување и користење како подлоги за издавање на нумерички податоци.

Член 7

Измена и дополнувањето на Урбанистички план вон населено место за Урбана единица 2-Блок 1 и 2-езеро Младост-Општина Велес го спроведува Секторот за урбанизам, комунални работи, сообраќај и заштита на животната средина при Општина Велес.

Член 8

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Велес".

Број 0701-2095/2
16.05.2007 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес
Трајко Бабунски,с.р.

89.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес" бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Одлука за формирање на Штаб за заштита и спасување во Општина Велес

Се објавува Одлуката за формирање на Штаб за заштита и спасување во Општина Велес, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 16.05.2007 година.

Број 0801-2103/2
17.05.2007 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 36, став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ"бр. 5/02), член 34, став 1, точка 3 од Законот за заштита и спасување („Сл.весник на РМ"бр.36/04), а во согласност со Одлуката за утврдување на персоналниот и материјалниот состав на силите за заштита и спасување(„Сл.весник на РМ"бр.124/06),
Советот на Општина Велес на седницата одржана на 16.05.2007 година, донесе

О Д Л У К А
за формирање на Штаб за заштита и спасување во Општина Велес

Член 1

Со оваа Одлука се формира Штаб за заштита и спасување во Општина Велес.

Штабот за заштита и спасување се формира во рамките на просторните сили за заштита и спасување при Општина Велес

Член 2

Со Штабот за заштита и спасување раководи командант .

Командантот е од редовите на персоналниот состав на Штабот за заштита и спасување.

Член 3

Персоналниот состав на Штабот за заштита и спасување го сочинуваат десет члена и тоа:

- Командант;
- Началник;
- Помошници на началникот – еден за оперативни работи,

- еден за хуманитарни мерки за заштита и спасување,
- еден за згрижување и евакуација,
- еден за технички мерки за заштита и спасување од пожари,
- еден за заштита и спасување од поплави.

- Помошен персонал:
  - извршител-администратор и
  - два извршители курири – возачи.

Член 4

Градоначалникот на Општина Велес се задолжува да го утврди персоналниот состав на Штабот за заштита и спасување по претходно добиено мислење од Дирекцијата за заштита и спасување.

Член 5

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „службен гласник на Општина Велес".

Број 0701-2095/3
16.05.2007 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Совет на Општина Велес
Трајко Бабунски,с.р.

90.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес" бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Одлуката за давање на времено користење на недвижен имот - објект Градски базен

Се објавува Одлуката за давање на времено користење на недвижен имот - објект Градски базен, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 16.05.2007 година.

Број 0801-2103/3
17.05.2007 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 45, став 1, од Статутот на Општина Велес ("Службен гласник на Општина Велес" бр.12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 16.05.2007 година, донесе

О Д Л У К А
за давање на времено користење на недвижен имот-објект Градски базен

Член 1

Општина Велес е сопственик на недвижен имот – објект Градски базен кој се наоѓа на КП 1789 со површина од 6796м2 на ул „Алексо Демниевски", заведен во ИЛ бр. 23410 за КО Велес.

Член 2

Недвижниот имот опишан во член 1 на оваа Одлука се дава на времено користење на Јавното претпријатие за стопанисување со спортски објекти „Парк – Спорт" – Велес.

Член 3

Средствата кои Општина Велес ќе ги вложи во санирање на објектот - Градски базен во висина од 600.000,оо денари, ќе бидат вратени од страна на ЈПССО „Парк Спорт" на начин кој ќе биде утврден во Договорот.

Член 4

Се задолжува Градоначалникот на Општина Велес да склучи Договор со ЈПССО„Парк -Спорт" за начинот и условите на користење на објектот.

Член 5

Со донесувањето на оваа Одлука престанува да важи Одлуката за издавање под закуп на недвижен имот – објект Градски базен („Службен гласник на Општина Велес" бр. 3/04).

Член 6

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Велес".

Број 0701-2095/4
16.05.2007 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Трајко Бабунски с.р.

91.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Одлуката за отстапување на трајно користење на книжен фонд

Се објавува Одлуката за отстапување на трајно користење на книжен фонд, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 16.05.2007 година.

Број 0801-2103/4
17.05.2007 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“бр.5/02) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес“бр.12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 16.05.2007 година донесе,

О Д Л У К А
за отстапување на трајно користење на книжен фонд

Член 1

Со оваа Одлука Општина Велес отстапува на трајно користење, книжен фонд, сопственост на Локалната библиотека „Гоце Делчев“ Велес на Општинското основно училиште „Петре Поп Арсов“ подрачно училиште - Богомила во Општина Чашка.

Член 2

Книжниот фонд се состои од детски лектирни изданија од I до VIII одделение, лектирни изданија за средно училиште, сликовници, речници на странски јазик и друга слободна литература.

Член 3

Се задолжува директорот на ООУ „ Петре Поп Арсов “, да се грижи како добар домаќин со отстапениот книжен фонд и истите да ги заведе како свои во книговодствената евиденција.

Член 4

Составен дел на оваа Одлука е спецификација со број и видови на книжен фонд.

Член 5

Со влегување во сила на оваа Одлука, Локалната библиотека „Гоце Делчев“ Велес отстапениот книжен фонд ќе го избрише од својата книговодствена евиденција.

Член 6

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 0701-2095/5
16.05.2007 година
В е л е с

ПРЕДСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес
Трајко Бабунски с.р.

92.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Одлуката за измена и дополнување на Одлуката за давање намена на дел од објект сопственост на Општина Велес во село Иванковци

Се објавува Одлуката за измена и дополнување на Одлуката за давање намена на дел од објект сопственост на Општина Велес во село Иванковци, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 16.05.2007 година.

Број 0801-2103/5
17.05.2007 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 10 од Законот за локалната самоуправа ("Сл. весник на РМ" БР. 5/02), член 44, став 1 од Статутот на Општина Велес(„Сл.гласник на Општина Велес“бр. 12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на ден 16.05.2007 година, донесе

О Д Л У К А
за измена и дополнување на Одлуката за давање намена на дел од објект сопственост на Општина Велес во село Иванковци

Член 1

Во Одлуката за давање намена на дел од објект сопственост на Општина Велес во село Иванковци („Службен гласник на Општина Велес“бр. 6/07), се врши измена и дополнување каде после член 3 се додава нов член кој гласи:

„Член 4

Со донесувањето на оваа Одлука престанува да важи Одлуката за отстапување на времено користење на недвижен имот –Задружен дом на Месната заедница од с. Иванковци („Службен гласник на Општина Велес“бр.8/01).“

Постојниот член 4 станува член 5.

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Велес".

Број 0701-2095/6
16.05.2007 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Совет на Општина Велес
Трајко Бабунски с.р.

93.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Решението за одобрување на средства од Буџетот на Општина Велес

Се објавува Решението за одобрување на средства од Буџетот на Општина Велес, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 16.05.2007 година.

Број 0801-2103/10
17.05.2007 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02), а согласно член 16 од Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Велес за 2007 година („Сл. гласник на Општина Велес“ бр.22/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на ден 16.05.2007 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
за одобрување на средства од Буџетот на Општина Велес

1. На Драган Стојановски од Велес за санирање на штета направена од пожар на неговата куќа, се одобрува еднократен надоместок во висина од 50.000,оо денари.

2. На Имер Имери од с. Бузалково за санирање на штета направена од пожар на неговата куќа, се одобрува еднократна помош во висина од 10.000,оо денари.

3. На Киро Поповски и Аце Марков од Велес за санирање на штета направена од пожар на заеднички објект-штала, се одобрува еднократна помош во висина од 10.000,оо денари.

4. На Нушев Михајло од Велес за санирање на штета во неговиот стан, предизвикано од пожар на соседниот стан, се одобрува еднократен надоместок во висина од 3.000,оо денари.

5. На ЗГР„Ромска приказна“ преставувано од Усеин Ахмедов од Велес за одржување на традиционална манифестација, по повод 8 Април светскиот ден на ромите,се одобрува еднократен надоместок во висина од 5.000,оо денари.

6. Средствата за оваа намена ќе бидат исплатени од Буџетот на Општина Велес за 2006 година, Програма А - Совет на Општина Велес, Потпрограма АО - Совет на Општина Велес, категорија 41, ставка 413, потставка 413110 - тековни разерви (разновидни расходи).

7. Се задолжува Одделението за финансирање, буџет, општински имот и администрирање со даноци и имот при Општина Велес да го изврши наведеното решение.

8. Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес".

Број 0701-2095/11
16.05.2007 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот Општина Велес,
Трајко Бабунски с.р.

94.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Заклучокот за усвојување на Извештаотј за работата на ЈПССО „Парк Спорт“ Велес за периодот од 01.01. до 31.03.2007 година

Се објавува Заклучокот за усвојување на Извештајот за работата на ЈПССО „Парк-Спорт“ Велес за периодот од 01.01. до 31.03.2007 година, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 16.05.2007 година.

Број 0801-2103/6
17.05.2007 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 9 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес“ 12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 16.05.2007 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за усвојување на Извештај за работата на ЈПССО „Парк Спорт“ Велес за периодот од 01.01. до 31.03.2007 година

1. Советот на Општина Велес го усвои Извештајот за работата на ЈПССО „Парк Спорт“ Велес за периодот од 01.01. до 31.03.2007 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 0701-2095/7
16.05.2007 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот Општина Велес,
Трајко Бабунски с.р.

95.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Заклучокот за неусвојување на Извештај за работата во првото тромесечие од 2007 година на ЈКП „Дервен“ - Велес

Се објавува Заклучокот за неусвојување на Извештајот за работата во првото тромесечие од 2007 година на ЈКП „Дервен“ - Велес, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 16.05.2007 година.

Број 0801-2103/7
17.05.2007 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 9 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес“ 12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 16.05.2007 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за неусвојување на Извештај за работата во првото тромесечие од 2007 година на ЈКП „Дервен“ Велес

1.Советот на Општина Велес не го усвои Извештајот за работата во првото тромесечие од 2007 година на ЈКП „Дервен“ Велес.

2. Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 0701-2095/8
16.05.2007 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот Општина Велес,
Трајко Бабунски с.р.

96.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Заклучокот за усвојување Информација за безбедносната состојба во општинските училишта на територијата на Општина Велес

Се објавува Заклучокот за усвојување на Информација за безбедносната состојба во општинските училишта на територијата на Општина Велес, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 16.05.2007 година.

Број 0801-2103/8
17.05.2007 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес“ 12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 16.05.2007 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за усвојување на Информација за безбедносната состојба во општинските училишта на територијата на Општина Велес

1. Советот на Општина Велес ја усвои Информацијата за безбедносната состојба во општинските училишта на територијата на Општина Велес.

2. Препораките за безбедносната состојба во општинските училишта, кои ги предлага Комисијата за општествени дејности, да се достават до сите општински училишта на територијата на Општина Велес.

3. Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 0701-2095/9
16.05.2007 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот Општина Велес,
Трајко Бабунски с.р.

97.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Заклучокот за неусвојување на Информацијата за активностите околу реализацијата на проектот „МЕАП“

Се објавува Заклучокот за неусвојувае на Информацијата за активностите околу реализацијата на проектот „МЕАП“, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 16.05.2007 година.

Број 0801-2103/9
17.05.2007 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес“ 12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 16.05.2007 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за неусвојување на Информацијата за активностите околу реализацијата на проектот „МЕАП“

1.Советот на Општина Велес не ја усвои Информацијата за активностите околу реализацијата на проектот „МЕАП“.

2. Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 0701-2095/10
16.05.2007 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот Општина Велес,
Трајко Бабунски с.р.

Бр на акт **Страница**

88	**З А К Л У Ч О К за објавување на Одлука за изменување и дополнување на Урбанистички план вон населено место за Урбана единица 2 Блок 1 и 2 езеро Младост - Општина Велес**	**118**
	ОДЛУКА за измена и дополнување на Урбанистички план вон населено место за Урбана единица 2-Блок 1 и 2 езеро Младост – Општина Велес	
89	**З А К Л У Ч О К за објавување на Одлука за формирање на Штаб за заштита и спасување во Општина Велес**	**119**
	О Д Л У К А за формирање на Штаб за заштита и спасување во Општина Велес	
90	**З А К Л У Ч О К за објавување на Одлуката за давање на времено користење на недвижен имот - објект Градски базен**	**120**
	О Д Л У К А за давање на времено користење на недвижен имот-објект Градски базен	
91	**З А К Л У Ч О К за објавување на Одлуката за отстапување на трајно користење на книжен фонд**	**121**
	О Д Л У К А за отстапување на трајно користење на книжен фонд	
92	**З А К Л У Ч О К за објавување на Одлуката за измена и дополнување на Одлуката за давање намена на дел од објект сопственост на Општина Велес во село Иванковци**	**121**
	О Д Л У К А за измена и дополнување на Одлуката за давање намена на дел од објект сопственост на Општина Велес во село Иванковци	
93	**З А К Л У Ч О К за објавување на Решението за одобрување на средства од Буџетот на Општина Велес**	**122**
	Р Е Ш Е Н И Е за одобрување на средства од Буџетот на Општина Велес	
94	**З А К Л У Ч О К за објавување на Заклучокот за усвојување на Извештаотј за работата на ЈПССО „Парк Спорт“ Велес за периодот од 01.01. до 31.03.2007 година**	**123**
	З А К Л У Ч О К за усвојување на Извештај за работата на ЈПССО „Парк Спорт“ Велес за периодот од 01.01. до 31.03.2007 година	

Бр на акт **Страница**

95	**З А К Л У Ч О К за објавување на Заклучокот за неусвојување на Извештај за работата во првото тромесечие од 2007 година на ЈКП „Дервен“ - Велес**	**123**
	З А К Л У Ч О К за неусвојување на Извештај за работата во првото тромесечие од 2007 година на ЈКП „Дервен“ Велес	
96	**З А К Л У Ч О К за објавување на Заклучокот за усвојување Информација за безбедносната состојба во општинските училишта на територијата на Општина Велес**	**124**
	З А К Л У Ч О К за усвојување на Информација за безбедносната состојба во општинските училишта на територијата на Општина Велес	
97	**З А К Л У Ч О К за објавување на Заклучокот за неусвојување на Информацијата за активностите околу реализацијата на проектот „МЕАП“**	**124**
	З А К Л У Ч О К за неусвојување на Информацијата за активностите околу реализацијата на проектот „МЕАП“	

Издавач: Општина Велес, телефон 232-406, 232-966,

Буџет на Општина Велес
Сметка: 100000000063095 Народна банка на РМ
Сметка на буџетски корисник: 711014100963010
Приходна шифра и програма 725939 - 00